РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 10-142/1
08-01-2026 20 ___ год. / viti

Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

# ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАНГИРАЊЕ И ИЗБОР НА ПРОЕКТИ ЗА ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ ПРЕКУ ДИГИТАЛНИ ИНОВАТНИВНИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, декември 2025 година

## 1. ПРЕДМЕТ

1.1. Со оваа процедура се утврдуваат критериумите и методологијата за рангирање и избор на проекти за поддршка на лицата со попреченост преку реализација на дигитални иновативни проекти кои се составен дел од програмата на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, за кои е предвидена финансиска поддршка за реализација, согласно Јавниот повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија за 2026 година.

## 2. ЦЕЛ

2.1. Финансиските средства наменети за реализација на дигитални иновативни проекти за поддршка на лицата со попреченост ќе се обезбедат согласно Законот за игри на среќа и забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, У.бр. 53/11 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, У.бр.8/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и У.бр.65/17), Законот за инвалидски организации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 89/2008; 59/2012 и 23/2013) и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2026 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

2.2. Разгледувањето, рангирањето и изборот на иновативни дигитални проекти за поддршка на лицата со попреченост ќе се реализира од страна на членовите на Комисијата за одобрување на проектни активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на црвениот крст на Република Северна Македонија, формирана со Решение од страна на министерот за социјална политика, демографија и млади.

## 3. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

3.1. Оваа процедура се применува при избор на дигитални иновативни проекти поднесени од страна на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка согласно Јавниот повик, а кои се однесуваат на поддршка на лицата со попреченост.

3.2. За доследна примена на оваа процедура одговорни се членовите на Комисијата за одобрување на проектни активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија, формирана со решение на министерот за социјална политика, демографија и млади.

## 4. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

При креирање на Интерната процедура за утврдување на критериуми и методологија за рангирање и избор на проекти за поддршка на лицата со попреченост преку дигитални иновативни проекти, согласно:

4.1. Законот за игрите на среќа и забавните игри.

4.2. Законот за социјална заштита.

4.3. Законот за инвалидски организации.

4.4. Јавниот повик за финансирање на програмските активностина националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

4.5. Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година. (ќе се донесе по постапката на избор).

4.6. Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2025 година. (ќе се донесе по постапката на избор).

## 5. ПРОЦЕДУРА

5.1 Согласно приоритетите на Министерството за социјална политика, демографија и млади, проектни активности кои ќе се финансираат во 2026 година во рамки на целите од Јавниот повик, се активности насочени кон давање на услуги, помош и поддршка на инвалидните лица во насока на нивна социјална инклузија и унапредување на квалитетот на живот, односно дигитални иновативни проекти чија реализација е во насока на заштита и поддршка на лицата со попреченост.

5.2. Комисијата, ќе врши разгледување и оценка на поднесените дигитални иновативни проекти кои се во насока на поддршка на лицата со попреченост на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација кои што ќе се финансираат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри за 2026 година и Законот за социјална заштита, според:

- соодветност на предлогот согласно приоритетите од точка 5.1. и целите кои ќе се постигнат кон целната група;
- структура на проектот: територијална област во која што истиот ќе се реализира, времетраење на проектот, број на крајни корисници кои што ќе бидат вклучени во проектот;
- општите и специфични цели, како и очекувани резултати кои што ќе се постигнат со реализација на проектот, како што се опфатот на реализирани активности кои што се од јавен интерес и активности кои директно влијаат врз елиминирање на дискриминацијата на лицата со попреченост, развој на инклузивните процеси, заштита на правата и интересите на лицата со попреченост и други активности во областа во која проектот се спроведува;
- организациски капацитети и човечки ресурси за спроведување на програмите и транспарентно управување со јавните финансии;

- можност за понатамошно развивање и одржливост на проектот.

Според утврдените критериуми од точка 5 од оваа интерна процедура, Комисијата, ќе врши разгледување и рангирање на поднесените барања по бодови, при што вкупните можни бодови изнесуваат 100 бода, од кои:

- Соодветност на предлогот согласно приоритетите од точка 5.1 од 0 до 10 бодови

(Најмногу бодови под овој критериум ќе добијат оние предлог-проекти кои ќе се однесуваат на приоритетните области на делување дефинирани во оваа процедура и ќе понудат мерливи индикатори за придонесот на целната група)

- Структура на проектот: територијална област во која што истиот ќе се реализира, времетраење на проектот, број на крајни корисници кои што ќе бидат вклучени во проектот, од 0 до 30 бода.

(најголем број бодови ќе добие дигитален иновативен проект кој предвидува најголем број на лица со попреченост како крајни корисници, што предвидува поголем територијален опфат на реализација на проектот ).

- општите и специфични цели, како и очекувани резултати кои што ќе се постигнат со реализација на проектот, како што се опфатот на реализирани активности кои што се од јавен интерес и активности кои директно влијаат врз елиминирање на дискриминацијата на лицата со попреченост, развој на инклузивните процеси, заштита на правата и интересите на лицата со попреченост и други активности во областа во која проектот се спроведува од 0 до 30 бода.

(најголем број на бодови ке добие дигитален иновативен проект кој има за цел опфат на активности кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на живот на лицата со попреченост)

- Организациски капацитети и човечки ресурси за спроведување на програмите и транспарентно управување со јавните финансии од 0 до 20 бода.

(најголем број бодови ќе добие дигитален иновативен проект кој има предвидено услови за спроведување и стручни лица од соодветни профили и искуство во областа за која се поднесува предлогот,програмата за која е воспоставена и има предвидено ангажирање соодветен број стручни лица за реализација)

- Можност за нејзино понатамошно развивање и одржливост од 0 до 10 бода.
(проект кој се реализира подолг временски период, односно ќе приложи план за понатамошно развивање и одржливост )

5.3. Трошоци од проектните активности подобни за финансирање се:
- хонорари за лица ангажирани во проектните активности;

- трошоци за опрема и материјали за реализација на проектни активности
- други директни и идиректни трошоци за реализација на дигиталниот иновативен проект во насока на унапредување на состојбата на лицата со инвалидност.

5.4. Министерството за социјална политика, демографија и млади има право да преговара со подносителот на дигитален иновативен проект по однос на дефинирање на активностите во самите предложени дигитални иновативни проекти како и буџетот на истите проекти на основа на препораки добиени од Комисијата за одобрување на проектни активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на црвениот крст на Република Северна Македонија.

## 6. СТАПУВАЊЕ НА СИЛА

6.1. Процедурата стапува на сила со денот на заверка во писарницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## 7. ДОСТАВУВАЊЕ

7.1. Оваа процедура ќе биде објавена на веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Министер**
Fatmir Limani

Изготвил: м-р Ана-Марија Циглењак Симоновска
Котролирал: м-р Слободанка Лазова Здравковска
Одобрил: Дрита Аслани
Согласен: Fatmir Sabriu, Државен секретар